# Дневна хемеротека за *17.12.2015г.*

## МИА – [*Тетовските училишта и градинки се затвораат поради загадувањето*]

ЧЕТВРТОК, 17 ДЕКЕМВРИ 2015, 10:55:19

МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА

НАСЛОВНА | МАКЕДОНИЈА | СВЕТ | ЕКОНОМИЈА | КУЛТУРА | СПОРТ | ИНФО СЕ

Насловна | Екологија

### Тетовските училишта и градинки се затвораат поради загадувањето

Препорачај 0

среда, 16 декември 2015 14:04



**Тетово, 16 декември 2015 (МИА)** - Поради високите концентрации на штетните ПМ 10 честички во воздухот, што неколкупати го надминуваат дозволеното ниво подолго време, Општина Тетово во соработка со Министерството за образование и наука денеска донесе одлука за прекин на наставата до крајот на првото полугодие во сите основни и средни училишта и во градинките во Тетово.

Ова го изјави градоначалничката на Тетово Теута Арифи денеска на прес-конференција по средбата со директорите на сите образовни институции во градот.

- Свесни за сериозноста на состојбите, како и негативните импликации за загадувањето на воздухот по здравјето на учениците, оваа мерка влегува од сила од денес, а ќе трае до завршување на првото полугодие од учебната година, изјави Арифи.

Арифи се осврна и на протестот најавен за утре кој поради загадениот воздух ќе го организираат повеќе невладини организации.

- Протестите секогаш сум ги сметала како доказ и вредност на едно витално демократско општество, но тоа што е суштински е дека акумулацијата на граѓанската волја треба да се адресира таму каде што е местото, чувајќи ги секогаш искреноста и добрата волја на граѓаните. Протестот е апсолутно демократско право и треба како таков да се одржи и да се искаже но, меѓу другото, треба и да се работи да се менува состојбата со квалитетот на амбиенталниот воздух, рече Арифи.

Посочи дека како општина во рамките на правното и институционалното дејствување презеле повеќе мерки за намалување на загадувањето на воздухот, како што е профункционирањето на системот за зонско паркирање низ центарот на градот за намалување на сообраќајниот метеж, формирање на јавно претпријатие за гардски сообраќај поради што е побарано од Владата на општината да и додели 8 автобуси, прскање на улиците веќе еден месец со калциум магнезиум ацетат, ограничување на времето за утовар и истовар на стоки во период од 19 до 8 часот следниот ден, за што веќе се казнети дваесттина претпријатија што не го почитувале тоа.

Додаде и дека е зголемен бројот на инспекторите за животна средина од двајца на 11, отворена е бесплатна телефонска линија и веб-портал за пријавување на несоодветно однесување на поединци и институции кон средината, воведено е пренасочување на тешките товарни камиони на кои Тетово не им е конечно одредиште по заобиколни патишта и слично.

Арифи најави дека доколу има потреба и согласно со одлуките на Советот на Општината ќе размислат и за воведување поригорозни дополнителни мерки за ограничување на сообраќајот низ центарот на Тетово. **ac/xc/14:03**

## Вечер - *Тетовските училишта и градинки се затвораат поради загадувањето*

вечер | МАКЕДОНИЈА | БАЛКАН | СВЕТ | СКОПСКА | ЕКОНОМИЈА | LIFE | КУЛТУРА

ОДЛУКА НА МО И ОПШТИНА ТЕТОВО

# Тетовските училишта и градинки се затвораат поради загадувањето

**Поради високите концентрации на штетните ПМ 10 честички во воздухот, што неколкупати го надминуваат дозволеното ниво подолго време, Општина Тетово во соработка со Министерството за образование и наука денеска донесе одлука за прекин на наставата до крајот на првото полугодие во сите основни и средни училишта и во градинките во Тетово.**



Ова го изјави градоначалничката на Тетово Теута Арифи денеска на прес-конференција по средбата со директорите на сите образовни институции во градот.

- Свесни за сериозноста на состојбите, како и негативните импликации за загадувањето на воздухот по здравјето на учениците, оваа мерка влегува од сила од денес, а ќе трае до завршување на првото полугодие од учебната година, изјави Арифи.

Арифи се осврна и на протестот најавен за утре кој поради загадениот воздух ќе го организираат повеќе невладини организации.

- Протестите секогаш сум ги сметала како доказ и вредност на едно витално демократско општество, но тоа што е суштински е дека акумулацијата на граѓанската волја треба да се адресира таму каде што е местото, чувајќи ги секогаш искреноста и добрата волја на граѓаните. Протестот е апсолутно демократско право и треба како таков да се одржи и да се искаже но, меѓу другото, треба и да се работи да се менува состојбата со квалитетот на амбиенталниот воздух, рече Арифи.

Посочи дека како општина во рамките на правното и институционалното дејствување презеле повеќе мерки за намалување на загадувањето на воздухот, како што е профункционирањето на системот за зонско паркирање низ центарот на градот за намалување на сообраќајниот метеж, формирање на јавно претпријатие за градски сообраќај поради што е побарано од Владата на општината да и додели 8 автобуси, прскање на улиците веќе еден месец со калциум магнезиум ацетат, ограничување на времето за утовар и истовар на стоки во период од 19 до 8 часот следниот ден, за што веќе се казнети дваесттина претпријатија што не го почитувале тоа.

Додаде и дека е зголемен бројот на инспекторите за животна средина од двајца на 11, отворена е бесплатна телефонска линија и веб-портал за пријавување на несоодветно однесување на поединци и институции кон средината, воведено е пренасочување на тешките товарни камиони на кои Тетово не им е конечно одредиште по заобиколни патишта и слично.

Арифи најави дека доколу има потреба и согласно со одлуките на Советот на Општината ќе размислат и за воведување поригорозни дополнителни мерки за ограничување на сообраќајот низ центарот на Тетово.

## Утрински - [*Тетовските училишта и градинки се затвораат поради загадувањето*]

Утрински весник

### ЗАГАДУВАЊЕТО ГО СКРАТИ ПОЛУГОДИЕТО ВО ТЕТОВО




**Денес во 12 часот во знак на протест ќе бидат блокирани трите влезови во градот, од Скопје, Гостивар и патот кон Јажинце**

Тетово – Заврши првото полугодие во училиштата во Тетово. Поради високите концентрации на честичките ПМ 10, во градот под Шара од денеска ќе бидат затворени и градинките. Општината во соработка со Министерството за образование и наука вчера донесе одлука за прекин на наставата до крајот на првото полугодие во сите основни и средни училишта и во градинките.

„Свесни за сериозноста на состојбите, како и негативните импликации од загадувањето на воздухот по здравјето на учениците, оваа мерка влегува од сила од денес, а ќе трае до завршување на првото полугодие од учебната година", рече ввчера градоначалничката на Тетово, Теута Арифи по средбата со директорите на тетовските образовни институции.

Со оглед на актуелната состојба со воздухот, Арифи најави дека не е исклучена можноста за воведување поригорозни дополнителни мерки за ограничување на сообраќајот низ центарот на градот.

Тетовските средношколци вчера во утринските часови спонтано се собраа со маски на лицето за да го изразат својот револт од загадениот воздух во градот. Учениците се упатија кон зградата во која живее градоначалничката Арифи извикувајќи на македонски и на албански јазик „Сакаме чист воздух". На средношколците, подоцна им се приклучија и ученици од неколку основни

училишта во Тетово и заедно симболично, со маски на лицето, се собраа пред зградата на Општината, барајќи прием од општинските власти. И овде учениците извикуваа „Чист воздух".

Учениците се договорија денес во 12 часот да го поддржат веќе најавениот јавен протест со кој ќе се блокираат трите влезови во градот, од Скопје, Гостивар и патот кон Јажинце.

„Протестите секогаш сум ги сметала како доказ и вредност на едно витално демократско општество, но тоа што е суштински е дека акумулацијата на граѓанската волја треба да се адресира таму каде што е местото, чувајќи ги секогаш искреноста и добрата волја на граѓаните. Протестот е апсолутно демократско право и треба како таков да се одржи и да се искаже но, меѓу другото, треба и да се работи да се менува состојбата со квалитетот на амбиенталниот воздух", изјави Арифи во врска со најавениот јавен протест. (Г.Е.)

## **Алфа** - *Аерозагадувањето ги затвори тетовските училишта*

Вонредна состојба во Тетово- поради големото ниво на загаденост во воздухот локалната власт одлучи да се затворат градинките и да се прекине наставата во основните и средните училишта. Енормното аерозагадување на Тетово ги затвори ...

## **24 Вести** - *Протест против загадувањето во Тетово, прекин на наставата до полугодие*

Група професори, средношколци и основци од повеќе тетовски училишта утрово протестираа пред објектот на општината, барајќи итни мерки против загадувањето. По средбата со градоначалничката Теута Арифи договорија да се прекине наставата во основните и ...

## **Канал5** - *Првото полугодие заврши за тетовските ученици - поради загадувањето од денеска нема да одат на училиште*

Од денеска се прекинува наставата во сите основни и средни училишта и во градинките на подрачје на општина Тетово, поради загадениот воздух. Одлуката е донесена во соработка со министерството за образование и наука - изјави градоначалничката на

## Tetova Sot - Radikalizohen protestat, sot bllokohet e gjithë Tetova

TETOVA SOT
shpejt dhe ndryshe

FILLIMI | LAJME | KRONIKA E ZEZË | SPORT | TEKNOLOGJI | SHOWBIZ | ARGËTIM

# Radikalizohen protestat, sot bllokohet e gjithë Tetova




17/12/2015

Lëvizja "Nëna dhe Fëmija" e përkrahur edhe nga Eco Guerilla sot do realizojë një protestë ku do bllokohen 3 hyrjet kryesore në qytetin e Tetovës. Protesta do fillojë në ora 12.00 ditën e enjte me datë 17/12/2015 dhe do realizohet ne 3 vende të ndryshme. Pikat ku do bllokohen rrugët janë këto:
Pika e parë: Unaza tek stadiumi në hyrje të qytetit.
Pika e dytë: Unaza afër marketit Vero në hyrje të qytetit.
Pika e tretë: Rruga në hyrje të qytetit afër shkollës së mesme medicinale dhe rektoratit të USHT.
Rrugët do bllokohen me trupat e aktivistëve tanë si revoltë e gjendjes katastrofale ekologjike në këtë qytet. Jemi qyteti më i ndotur në botë dhe kemi një nivel helmimi mbi 20 herë më shumë se niveli i lejuar. Pasi autoritetet përgjegjëse nuk ndërmarin asnjë veprim ne ashtu siç paralajmëruam i radikalizojmë protestat tona.

**Денар - *Министерот Изаири и градоначалниците ќе бараат решенија за загадениот воздух***

ДЕНАР

## Министерот Изаири и градоначалниците ќе бараат решенија за загадениот воздух



Време: 10:27

Датум: декември 17, 2015

Категорија: ЕКОНОМИЈА

Ми се допаѓа Сподели 0

Follow @DenarMk 1,310 followers

**Министерот за животна средина и просторно планирање, Нурхан Изаири, денеска ќе одржи состанок со градоначалниците на Тетово, Кичево, Битола, Кавадарци и Скопје во врска со загадувањето на воздухот.**

На средбата ќе стане збор за појавата на епизодите со високи концентрации на PM10 честичките, како и за активностите кои треба да се преземат од страна на надлежните институции со цел подобрување на квалитетот на воздухот на територијата на Република Македонија.

Изминатиот период повеќе градови во Македонија се со загаден воздух, што директно се одразува и врз здравјето на луѓето.

**Пресекот на информации содржани во Дневната хемеротека се прави до 12 часот.
Информациите објавени во медиумите после тој термин ќе бидат содржани во наредната хемеротека.*

## Tetova Sot - Ndotja e ajrit në Tetovë takon Nuranin dhe Teutën, Çka do të ndërmarin?

TETOVA SOT
shpejt dhe ndryshe

# Ndotja e ajrit në Tetovë takon Nuranin dhe Teutën, Çka do të ndërmarin?



17/12/2015

Ministri i Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor, Nurhan Izairi, sot do të mbajë mbledhjen me kryetarët e komunave: të Tetovës, Kërçovës, Manastirit, Kavadarit dhe Qytetit të Shkupit  në të cilën do të diskutohet për paraqitjen e episodeve me përqëndrime të larta të grimcave PM10 si dhe për aktivitetet të cilat duhet të ndërmerren nga institucionet kompetente me qëllim të përmirësimit të cilësisë së ajrit në territorin e Republikës së Maqedonisë.

Nuk dihet nëse Teuta Arifi do të kërkojë nga Nuran Izairi të merrë masa për mbylljen e fabrikës Jugohrom.

Ndryshe sot Tetova do të bllokohet në tre akse rrugore si dhe nesër pritet të mbahen protesta masive kundër ajrit të ndotur./TetovaSot/

**Локално -** ***ПРОТЕСТ: „Стоп за загадувањето во Скопје“***

ЛОКАЛНО.МК

МАКЕДОНИЈА » БИЗНИС ГЛОБАЛНО » ЛОКАЛНО СПОРТ МАГАЗИН »
(НЕ)СЕКОЈДНЕВНО НАЈНОВО

## ПРОТЕСТ: „Стоп за загадувањето во Скопје“

G+1 0

Ко-организација на заедница на еко-активисти „Skopje Smog Alarm“ и граѓанска иницијатива „Заедно за заштита на зеленилото во Карпош“ в недела ќе одржат протест од кој ќе ги повикаат надлежните да преземат итни мерки за енормното загадување на воздухот.




Протестот „Стоп за загадувањето во Скопје“ ќе се одржи во 12 часот пред Општина на Град Скопје во Градскиот парк.




По Битола и Тетово, на ред се Скопјани. Протести против загадувањето ширум Македонија.
#НеСеДише #NukMerretFrymë
п.с. Ве молиме споделувајте!

## Глас на Америка - *Протести против загадувањето ширум Македонија*

Во Битола се протестираше во саботата, денес е прекината е наставата во Тетово, а скопските активисти најавуваат протести за в недела „Донесовме одлука наставата да биде прекината до крајот на првото полугодие, а во меѓувреме, Општина Тетово и ...

## Скопје инфо - [Продолжува третирањето на градските сообраќајници со калциум магнезиум ацетат]

skopjeinfo.mk
АЗБУКАТА НА ГРАДОТ

# Продолжува третирањето на градските сообраќајници со калциум магнезиум ацетат

Испрати | Ми се допаѓа | Сподели 16 | Tweet | G+1 0

Градот Скопје го продолжува третирањето на градските сообраќајници со средството калциум магнезиум ацетат, како една од мерките за намалување на загадувањето на амбиентниот воздух.




Со средството калциум магнезиум ацетат ќе се прскаат булеварот „Свети Климент Охридски“ и улиците „Свети Кирил и Методиј“ и „Јордан Мијалков“, во центарот на градот, како и дел од булеварите „Србија“ и „Трета македонска бригада“, во Аеродром. Прскањето вечерва ќе почне во 20 часот и ќе се одвива кога тоа го дозволува температурата на воздухот (за да не настане голомразица).

Градот Скопје ги информира граѓаните дека брзината на сообраќајниците каде што ќе се аплицира средството калциум магнезиум ацетат ќе биде ограничена на 40 километри/час, заради можна појава на лизгавост на коловозот. На улиците е поставена соодветна сообраќајна сигнализација.

## Вечер - Состанок за Проектот за прекугранично управување со Дримскиот басен

вечер МАКЕДОНИЈА БАЛКАН СВЕТ СКОПСКА ЕКОНОМИЈА LIFE КУЛТУРА ЗАБАВНА СПОРТ

ВО ТИРАНА

### Состанок за Проектот за прекугранично управување со Дримскиот басен

**Заменик-министерот за животна средина и просторно планирање Стево Темелковски и Дејан Пановски од Билатералниот секретаријат за заштита на Охридското Езеро ќе учествуваат на почетниот состанок од имплементационата фаза на Проектот за прекугранично управување со Дримскиот басен што утре ќе се одржи во Тирана.**



Проектот за Дримскиот басен што се реализира со финансиска поддршка на Глобалниот еколошки фонд (ГЕФ) стартува со имплементацијата на петте компоненти и тоа - консолидација на заедничкото знаење во Басенот – со цел заедничка анализа и мониторинг, изградба на основа за заедничко управување - изготвување на Стратешки план за басенот, институционално зајакнување со цел формирање заедничка Дримска комисија, демонстрација за технологии и практики преку пилот-проекти во басенот, како и инволвирање на јавноста во донесување на одлуките преку подигање на јавната свест.

- Почетокот на имплементација на проектот за Дримскиот басен доаѓа после многу работа и верба во визијата за нашиот регион. Меѓународните институции ја препознаа таа визија и го поддржаа проектот. Ова ќе биде најголем предизвик од сите досегашни процеси на кои сме работеле, но навикнати сме веќе да сме пионери во управувањето со водените ресурси во нашиот регионот, истакна Пановски во очи на состанокот во Тирана.

Тој додаде дека придобивките од имплементацијата на проектот се еколошка заштита во Басенот, размена на мониторинг-податоци од сите страни, мерки против поплави, заштита на екосистемот преку пилот-проекти, изготвување заеднички план за управување што ќе го подобри управувањето, посебно на Охридското Езеро како основа и промоција на Басенот како туристичка атракција.

Самиот Проект за Дримскиот басен е продолжение на веќе парафираните меѓународни договори и проекти како што се Охридската декларација за Дрим, на процесот „Дримски дијалог" започнат во 2009 година и Меморандумот од 2011 година за заедничка визија од страна на петте држави како рамка на целиот процес.

Во ГЕФ проектот за Дримскиот басен учествуваат Македонија, Албанија, Црна Гора, Косово и Грција како партнер. Имплементациона агенција ќе биде УНДП, а носители на активностите се Министерствата надлежни за животна средина од сите инволвирани држави. Предвидено е во активностите на Проектот да учествуваат голем број на надлежни институции, локални самоуправи, невладин сектор и други субјекти. Проектот е предвидено да трае четири години, за чија реализација преку ГЕФ се обезбедени 5,5 милиони долари кои ќе се имплементираат преку надлежните министерства.

## МКД - *Возила, домаќинства, фабрики, но што е со загадувањето од депонијата од ОХИС, најжешката еколошка точка?!*

МКД

КАНЦЕРОГЕНИОТ ЛИНДАН ОДИ ВО ВОЗДУХОТ, ВОДАТА И ПОЧВАТА

# Возила, домаќинства, фабрики, но што е со загадувањето од депонијата од ОХИС, најжешката еколошка точка?!

Над 30.000 тони екстремно опасен отпад со канцерогениот пестицид линдан веќе со години е несоодветно складиран на депонијата во фабриката ОХИС. Оваа депонија е утврдена како „најжешката еколошка точка“ во Македонија, наведена е и на светските еколошки мапи, а сепак е оставена на отворено, комплетно незаштитена, па линданот преку почвата, подземните води и воздухот го труе локалното население, и цело Скопје воопшто. Еколозите, докторите и научниците бараат негово итно уништување, еднаш засекогаш!



СПОДЕЛИ
Share 21

Скопската местоположба и климата, илјадници половни возила со стандард „Еуро 0“, непланскi градежни зафати, работата на индустриските капацитети,

**Пресекот на информации содржани во Дневната хемеротека се прави до 12 часот.
Информациите објавени во медиумите после тој термин ќе бидат содржани во наредната хемеротека.*

греењето на домаќинствата со токсични материјали за огрев, масакрирањето на деценискoто зеленило што треба да апсорбира кислород и негова „замена“ со ситни дрвца... Листата е долга. Ниеден од изворите на загадување не треба да се занемари. Апсолутно е потребно трајно решавање и елиминирање на загадувачите, третирање проблем по проблем!

Истовремено, со некоординацијата меѓу институциите, постојаното преклопување со надлежностите и со индиферентноста на оние што треба да „потегнат“ и похрабро да тргнат со порадикални чекори, како да се занемарува фактот што во дворот на ОХИС се наоѓа токсичен и канцероген отпад, кој бара итен ангажман. Особено што сите досегашни истражувања и студии укажуваат дека на тој потег освен големо количество жива, со години скопјани ги труе линданот, кој бил користен како инсектицид со широк обем на дејствување кај семенскиот материјал, за третирање на почвата, прскање, заштита на дрвата и дрвената граѓа и против ектопаразити кај животните и луѓето.

Депонијата на ОХИС е создадена од средината на седумдесеттите години, кога употребата на линданот била забранета. Дотогашното производство од 13.000 тони е оставено на отворено, без претходна подготовка на подлогата. Оставено е на земја! Неколку години подоцна, поради неподносливата миризба на пестицидот, депониите се покриени со околу 20.000 тони земја. Па сега таму опстојува депонија со над 30.000 тони екстремно опасен отпад!




Географска положба на ОХИС

Линданот е токсичен, ставен е во групата на канцерогени супстанции. Бидејќи нема долна подлога на локацијата, загадени се подземните води. Нема заштитна горна подлога, па истовремено ветерот ја разнесува прашината во

воздухот. Линданот се сврзува со ПМ10-честичките, а се разнесува и насекаде по почвите.

Истакнатиот проф. д-р Трајче Стафилов од Институтот по хемија при Природноматематичкиот факултет, кој со години врши различни испитувања низ земјава, објаснува дека линданот е ставен во групата на ПОПС (Persistent organic pollutants) – неразградливи органски полутанти.

„Овие супстанции се група на органски хемиски соединенија, кои се екстремно токсични и многу тешко се разградуваат во природата. Опстојуваат со децении кога се испуштени во животната средина. Преминуваат во подземните води, индиректно во храната преку почвата, а може да бидат и присутни во воздухот и да ги вдишуваме. Имаат многу штетно влијание врз здравјето на луѓето, но и врз животните и живиот свет воопшто. Затоа, во рамките на Обединетите нации е потпишана т.н. Стокхолмска конвенција. Досега ја имаат потпишано речиси сто држави. Како што се прават дополнителни истражувања и се добиваат информации за штетноста на некоја супстанција, така се внесува и зголемува списокот на хемикалии. Земјите-потписнички на оваа конвенција се обврзуваат да даваат периодични извештаи за овие супстанции за секоја држава, со цел да се забрани нивното производство, но и да се спречи нивно ненамерно создавање. Македонија ја има потпишано оваа конвенција во 2005 година, а линданот како пестицид е вклучен во групата на ПОПС во 2009. Од тогаш секоја земја-потписничка треба да се грижи за решавање на своите проблеми со линданот“, објаснува реномираниот професор Стафилов за МКД.мк.

## Бизнис Инфо - [15 моќни кампањи за заштита на животната средина]

БИЗНИСИНФО
Вести Интервју

# 15 моќни кампањи за заштита на животната средина

16/12/2015

Почитувајте ја Земјата. Почитувајте ја природата. Пред да биде предоцна.

## Тие што ѝ помагаат на природата, на крајот си помагаат себеси

